**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До: Здружение на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка „ДЕЛО – Скопје“

За:

Упп Бр. 03-15

Скопје 03.08.2023 г.

**Предмет:** Известување за наоди по Претставката бр. 03-15 од 11.07.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашата Претставка (наш. бр. 03-15 од 11.07.2023 година) која се однесува на наводи за прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на забранетите дискриминаторски основи) на веб страната на ТВ Алфа и на наводниот Фејсбук профил на Телевизијата на кои биле објавувани прилози од Вести и едно издание на емисијата „За или против“ емитувани на ТВ Алфа, а во кои според Вас се „*содржани елементи на говор на омраза и ширење на раздор и нетрпеливост кон Република Бугарија, бугарскиот народ и Бугарите кои се граѓани на Република Северна Македонија*“, Ве известуваме за следново:

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема надлежност да врши надзор врз социјалните мрежи и веб страните на медиумите, но не ја отфрли Претставката туку по службена должност направи увид во програмата на радиодифузерот - Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.
- Притоа, идентификуваше дека дел од содржините од линковите од Претставката соодветствуваат на прилозите емитувани во централното издание на Вестите на ТВ Алфа во 17:30 во периодот од 3 мај до 21 јуни, како и на премиерното издание на актуелноинформативната емисија „За или против“ од 12 мај 2023 година.
- Заедничко за прилозите во Вестите е тоа што темата е поврзана со Бугарите, Република Бугарија или пак Договорот за добрососедство и пријателство потпишан помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија. Агенцијата ги прегледа прилозите на следните теми: „Со влез во Уставот влегуваат секаде: Бугарите ќе се вработуваат државно ќе ги има на МРТ“; „Новата бугарска ѕвезда - Христијан Пендиков стана бугарски државјанин“; „Нови обиди за бугарска асимилација: Контроверзниот Милан Врабевски донира десет пати повеќе од Пендаровски за млади македонски уметници“; „Уставни измени: Изедначување на Македонците и Албанците како народи, редење 5 малцинства, па Бугарите?“; „Протоколот со Бугарија крие многу повеќе од уставни измени“; „И македонската храна да ти била бугарска, Софија промовира 'Јазик на бугарската кујна'“; „Внесувањето на Бугарите во Уставот 'мириса' на Преспа – расте притисокот за нова отстапка“; „Бугарските амандмани против Македонија во ЕП, показател што нè чека за време на преговорите со ЕУ“; „Владата нема контрола кој


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

финансира бугарска пропаганда во Македонија“; „Обиди за бугарска асимилација на Македонците: Бугарските провокатори се како ‘Јеховини сведоци’ во Мала Преспа“; и „Бугарија најде начин како да произведе нови, фиктивни Бугари“.

- Увидот во програмата на ТВ Алфа покажа дека овие теми се редовно присутни во дневноинформативната програма на Телевизијата, што е за очекување со оглед на фактот дека спроведувањето на Договорот за добрососедство и пријателство и барањето за уставни измени од страна на Република Бугарија, се поврзуваат со започнувањето на пристапните преговори на земјава со Европската Унија. Увидот во прилозите покажа дека ТВ Алфа пренесува изјави од претставници на граѓански организации, политички активисти и експерти и од Република Бугарија и од Република Северна Македонија. Голем дел од посочените прилози содржат исечоци од телевизиски содржини емитувани на медиумите во Република Бугарија, при што е спроведена законската обврска за превод на македонски јазик. **При известувањето во прилозите, ТВ Алфа останува во рамките на слободата на медиумите да ги разгледуваат актуелните општествено-политички случувања од повеќе аспекти и да ѝ презентираат на јавноста ставови и мислења од широк спектар експерти и политичари.**

- Изданието на емисијата „За или против“ претставува актуелноинформативна програма, односно, согласно Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми: програмска целина, примарно наменета да известува и/или да анализира во врска со актуелни или со реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени настани, случувања и теми. Емисијата „За или против“ е во продукција на ТВ Алфа и се емитува секој работен ден во 18:15 часот, а изданието од 12 мај 2023 година е реализирано како дебата со универзитетската професорка д-р Наташа Котлар и аналитичарот и член на Македонски манифест Сотир Костов, модерирана од новинарката Елена Марковска Цветановска.

- Гостите во студиото ѝ се познати на јавноста и активно учествуваат во општествено-политичкиот живот. Професорката Наташа Котлар на минатите локални избори беше кандидатка за градоначалничка во Општина Центар на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, а аналитичарот Сотир Костов е редовно присутен со своите ставови во актуелноинформативните програми на националните телевизии и радија. Учесниците во дебатата се согласуваа во ставовите на речиси сите теми на кои дискутираа во емисијата, а според најавата на водителката зборуваа на неколку актуелни општествено-политички теми: „Уставните измени; Изјавите на премиерот дека ќе владеел уште 11 години; 80% сметаат дека Бугарите не треба да влезат во Уставот; Уставни измени ќе има, ќе нема; До каде сме стигнати на ова поле и на ова прашање, некако пораки стигнуваат различни и од двете најголеми партии“.

- Во Вашата Претставка посочувате дека во емисијата биле искажани *„навредливи зборови, мислења и ставови, односно вокабулар со говор на омраза кон Република Бугарија, бугарскиот народ, вклучително и Бугарите кои се граѓани на Република Северна Македонија, се со цел во јавноста да се создаде слика прикажувајќи ја Република Бугарија и бугарскиот народ како најголем непријател на Република Северна Македонија и Македонците. Исто така и поставените прашања кон гостите од страна на водителката на емисијата Елена Марковска Цветановска, беа тенденциозни, со цел истите да ги навлече на наратив кој содржи говор на омраза, односно поттикнување на ксенофобичен вокабулар.“* Притоа, не наведувате кои конкретни мислења и ставови ги сметате за навредливи и за ширење говор на омраза.

- Увидот во емисијата покажа дека учесниците во дебатата се против внесувањето на Бугарите во Уставот на Република Северна Македонија под условите поставени од Бугарија и ЕУ и имаат критички однос кон работата на Владата и нејзината поставеност во билатералните релации со Република Бугарија. Имајќи го предвид контекстот во кој се дадени изјавите на гостите во емисијата, македонските и бугарските политичари и носители на функции неминовно можат да

бидат изложени на критика од јавноста при што мора да покажат поголем степен на толеранција, односно во конкретниов случај нивната репутација не може да биде ставена над правото на слобода на изразување во едно демократско општество. Дискусијата, насочена кон политичарите и политиката што ја спроведуваат, не може да се смета за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз етничка припадност. Исто така, новинарката поставуваше прашања и изнесуваше ставови за поширока јавна дебата, и јавно ја критикуваше и преиспитуваше работата на политичарите и институциите, што е и функција на новинарите и новинарството. Оттаму, **содржината на емисијата беше во рамки на правото на слобода на изразување и слобода на политичка дебата во медиумите.**

Согласно членот 10 (Слобода на изразување) од Европската конвенција за човекови права и основни слободи (ЕКЧП): „Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите.“

Според Декларацијата за слобода на политичката дебата во медиумите[1] на Советот на Европа „плуралистичката демократија и слободата на политичка дебата бараат јавноста да биде информирана за прашањата од јавен интерес, што го вклучува и правото на медиумите за дисеминација на негативни информации и критички мислења во врска со политичките фигури и јавните службеници, како и правото на публиката да ги прими ваквите информации“. Понатаму, „државата, владата или било која друга институција во областа на извршната, законодавната или судската власт може да биде предмет на критика во медиумите. Поради својата доминантна позиција, овие институции како такви не би требало да бидат заштитени со кривичниот закон од клевета или навредливи изјави. Меѓутоа, во случаи кога овие институции уживаат таква заштита, таа би требало да се применува на рестриктивен начин, избегнувајќи во секоја прилика нејзино користење да се ограничи слободата на критикување. Поединците кои ги претставуваат овие институции и натаму остануваат заштитени како индивидуи“. Дополнително, „политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале и ги извршуваат своите функции“.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

.......................................................

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

[1] Декларација за слобода на политичката дебата во медиумите усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 12 февруари 2004. Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Dec2004PoliticalDebate_mk-1.pdf